UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP
FACULTY OF LAW



# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

YEAR 2021, ISSUE NUMBER 11

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 11 VOLUME XI

YEAR 2021

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2021, Issue Number 11**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Associate professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Associate professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Associate professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium
**Iskren Ivanov**
Senior Lecturer at Sofia University "St. Kliment Ohridski"

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
Teaching assistant Natasha Doneva, LL.M

**Editor in chief**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D

**Language editor**
Vesna Ristova
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of Macedonia

# Содржина

Газепова Вероника
**ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ** ........ 3

Данилова Валентина
**ОДГОВОРНОСТ НА АДВОКАТОТ ЗА СТОРЕНА ШТЕТА НА КЛИЕНТИ И ТРЕТИ ЛИЦА ПРИ ВРШЕЊЕТО НА ДЕЈНОСТА ВО МАКЕДОНСКОТО ПРАВО** ........ 11

IADEVAIA Simona
**LE NUOVE FRONTIERE DELLE POLITICHE MIGRATORIE. QUALE TUTELA PER I DIRITTI DEI MIGRANTI?** ........ 23

JОВАНОВ Кристијан
**ПРАВНАТА РАМКА НА ДОГОВОРНИОТ ЗАЛОГ ВО МАКЕДОНСКИОТ ПРАВЕН СИСТЕМ** ........ 31

МЕМЕДОВИЌ Неџад
САЛИФОСКА Фатима
**ВОЈНАТА ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА НИЗ ПРИЗМАТА НА ХУМАНИТАРНИТЕ ИНТЕРВЕНЦИИ И ХУМАНИТАРНАТА ПОМОШ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ** ........ 43

ПАВЛОВА Ирена
**ЗАШТИТЕН СВЕДОК ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА** ........ 55

СУРЛОВА Розе
**ЕВТАНАЗИЈА – ДОСТОИНСТВЕНА СМРТ ИЛИ КРИВИЧНО ДЕЛО?** ........ 65

ХАЏИ-НИКОЛОВ Лазар
**АНАЛИЗА НА ПРВОСТЕПЕНАТА ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРАВЕН СТАТУС НА БЕСПРАНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА** ........ 75

ШКАРИЌ Катица
**ПРОЦЕСНАТА ПОЛОЖБА НА ОБВИНЕТИОТ ВО ТЕКОТ НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА** ........ 89

**СТУДЕНТСКИ ПУБЛИКАЦИИ ВО РАМКИ НА ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРЕН ПРОЕКТ** ........ 97

БАГАРОВА Ани
АТАНАСОВА Невенка
**ТРГОВИЈА СО ДРОГА** ........ 99

ЈОВАНОВСКА Кристина
**МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА: ПРИЧИНИ ЗА НАСТАНУВАЊЕ, ФЕНОМЕНОЛОГИЈА И ПРЕВЕНЦИЈА** ........ 111

МАНЧЕВА Сања
**МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖРТВИ СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО** ........ 123

МИТРУШЕВА Наташа
**ЗАТВОРСКА ЗАЕДНИЦА ВО РСМ** ........ 129

МИХАИЛОВА Јована
ПАРИЗОВА Елена
**САНКЦИОНИРАЊЕ НА ДЕЦА – СТОРИТЕЛИ НА ПОВЕДЕНИЈА ШТО СО ЗАКОН СЕ ОПРЕДЕЛЕНИ КАКО КРИВИЧНИ ДЕЛА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА КАЗНАТА ЗАТВОР** ........ 135

НАКОВ Иван
**САНКЦИОНИРАЊЕ НА ДЕЦАТА КОИ СЕ ЈАВУВААТ КАКО СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА** ........ 145

НАЦАКОВА Мила
ДИМЕСКА Ангела
**УБИСТВОТО КАКО КРИВИЧНО ДЕЛО ПРОТИВ ЖИВОТОТ И ТЕЛОТО** ........ 155

НЕДЕВА Ивана
**КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ТРГОВИЈАТА СО ДРОГА КАКО ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ** ........ 175

ЧАЛШЕВА Кристина
АНГОВА Анастасија
**ВИДОВИ САНКЦИИ СПРЕМА ДЕЦА СОГЛАСНО ЗПД** ........ 195

ШАЛЕВА Корнелија
ТАШКОВА Марина
**ВИКТИМОЛОГИЈА** ........ 205

**ЈОВАНОВ Кристијан** **УДК: 347.466:340.13(497.7)**

# ПРАВНАТА РАМКА НА ДОГОВОРНИОТ ЗАЛОГ ВО МАКЕДОНСКИОТ ПРАВЕН СИСТЕМ

**Апстракт:** Секој правен систем се стреми да предвиди софистицирани правни средства за обезбедување, со цел преку нив да се зголеми правната сигурност во исполнувањето на склучените договори, да се забрзаат економските процеси, да се развие кредитирањето, како и да се избегнуваат долгите судски постапки. Залогот како средство за обезбедување на побарувањата во современото право е еден од најважните и најсложените правни институти.

Овој институт не е продукт на современото право, туку е познат уште од римскиот период. Начинот на кој е уреден залогот секогаш бил во фокусот на интересирање на правната наука и правната практика, но и на сите физички и правни лица.

Според македонското позитивното право, правото на залог можеме да го дефинираме како: стварно право врз туѓа ствар со кое се обезбедува побарувањето на заложниот доверител со давање во залог на определена ствар или право во корист на заложниот доверител, кој е овластен да располага со туѓата ствар, на начин што по истекот на рокот на пристигнатоста да бара намирување на своето побарување од вредноста на таа ствар или право.

Во последните неколку години како во светски рамки така и во Република Северна Македонија доста е актуелна темата поврзана за залог, а како последица на задолженоста на граѓаните. Денес речиси не постои земја во која не се зголемува бројот на побарување коишто се обезбедуваат со залог. Актуелноста на оваа појава во изминатите неколку години ме мотивира да ја проучувам и истражувам со цел да дадам одговор на проблемите со кои се соочува оваа проблематика.

**Клучни зборови:** заложен доверител, заложен должник, залог, хипотека, побарување

**JOVANOV Kristijan** **UGD: 347.466:340.13(497.7)**

# THE LEGAL FRAMEWORK OF THE CONTRACTING PLEDGE IN THE MACEDONIAN LEGAL SYSTEM

**Abstract:** Every legal system seeks to anticipate sophisticated legal means of security in order to increase legal certainty in the fulfillment of concluded agreements, to accelerate economic processes, to develop lending, and to avoid lengthy litigation. Pledge-based as an real means of securing claims in modern law is one of the most important and most complicated legal institutes. This institute isn’t a product of modern law, this is known since the Roman period.

The way the pledge has been arranged has always been the focus of interest in both legal science and legal practice, but also to all individuals and legal entities.

According the Macedonian positive law, the right to pledge can be defined as: a real right over a foreign item that secures the pledgee's claim by pledging a particular item or right

in favor of the pledgee, who is authorized to dispose of the other item; in a way that upon the expiry of the maturity period it seeks to settle its claim on the value of that item or right ...

In the last few years, both in the world and in the Republic of Macedonia, the topic of related to pledge is quite current, and as a consequence of the indebtedness of the citizens,today there is almost no country that does not increase the number of collateralised claims.

The actuality of this phenomenon in the past few years has motivated me to study and research in order to give an answer to the problems that this issue faces.

**Key words:** pledgee, pledgor, mortgage, claim, pledge

## ВОВЕД

Во меѓусебните општествени односи на субјектите настануваат најразлични должничко – доверителски односи, кои се решаваат по правилата на облигационото право.

Во така воспоставените односи помеѓу субјектите, должниците најчесто ги исполнуваат преземените обврски спрема доверителите. Меѓутоа многу често од најразлични причини како што се: несовесност, запоставување на своите обврски, одбивање истите да ги изврши, или запаѓање во лоша матријална состојба може да дојде до тоа должникот да не ги исполни обврските коишто му се ставаат на товар.

Неиполнувањето на обврските од страна на субјектите се решаваат по судски пат, односно според правилата на парничната и извршната постапка. Меѓутоа, ниту овие постапки не гарантираат во целост дека доверителот ќе го намири своето побарување поради разни околности коишто можат да се појават, како што се: немање доволно или пак воопшто средства од каде да се наплати побарувањето, право на првенство на наплата на други доверители и слично.

Со цел на доверителите да им се овозможи потполна заштита во односте коишто ги воспоставуваат во правото е воспоставен институтот, кој постои уште од римското право, а тоа е ***правото на залог.***

Правото на залог може да се заснова врз основа на: договор (договорно заложно право); врз основа на судска одлука (судско заложно право); врз основа на закон (законско заложно право).

### Историска генеза на заложните договори

Овој институт датира уште од времето на римското право. Доверителите, што при кредитните работи му го одложувале на должникот на определено време извршувањето на примарната обврска, барале од должникот обезбедување дека по протекот на договорениот рок таа обврска уредно ќе биде извршена. Ваквото обезбедување можело да биде: реално или персонално.[1]

Персоналното обезбедување постоело тогаш кога покрај должникот, и други лица се обврзувале дека ќе му го исплатат долгот на доверителот. Тоа всушност биле договорите за гаранција. За разлика од персоналното, реалното обезбедување постоело тогаш кога доверителите барале од должниците да им стават на располагање или да определат ствари коишто ќе им послужат како гаранција дека навистина уредно и навреме ќе ја примат исплатата на своето побарување[2].

[1] Пухан И. , Поленак – Аќимовска М. , Бучковски В., Наумовски Г. (2014) . Римско право, Универзитет „Свети Кирил и Методиј" - Правен факултет ,, Јустинијан Први "– Скопје, 45.
[2] Е. Борковски, П. Ду Плесир.(2014) – Римско право, 3то издание,Скопје Просветно дело АД- Скопје,28.

Извори на реалното обезбедување на доверителите биле заложните договори[3]: договори врз основа на кои должниците им гарантирале на доверителите со своите ствари дека уредно и навреме ќе ја исплатат преземаната обврска.

## Поим на договорниот залог

Според Законот за сопственост и други стварни права[4], правото на залог можеме да го дефинираме како: *стварно право врз туѓа ствар со кое се обезбедува побарувањето на заложниот доверител со давање во залог на определена ствар или право во корист на заложниот доверител, кој е овластен да располага со туѓата ствар, на начин што по истекот на рокот на пристигнатоста да бара намирување на своето побарување од вредноста на таа ствар или право, пред доверителите кои на таа ствар или право немаат засновано залог, како и пред заложните доверители кои имаат право на залог врз таа ствар, а кои таквото право го стекнале по него, без разлика на промената на сопственикот на заложената ствар.*[5]

Заложото право се дели на:

**•Заложно право на подвижни ствари (рачен залог) и**

**•Заложно право на недвижности (хипотека).**

**Рачниот залог** или заложното право на подвижни ствари е оној залог кој се реализира со предавање на подвижни ствари на доверителот во владение, додека пак, **хипотеката**, однсоно заложно право врз недвижности се реализира со предавање на недвижности на доверителот во владение.

Со залогот се обезбедуваат парични и друг вид побарувања, чија вредност е изразлива во пари, што доверителот ги има во однос на својот должник од одреден облигационен однос[6].

Побарувањата обезбедени со залог, ако не бидат исполнети во рокот на нивната пристигнатост, заложниот доверител нив може да ги намири од вредноста на предметот на залогот или под услови и начини предвидени со Законот за договорен залог,со цел да се стекне со право на сопственост врз предметот на залогот (lex commissoria).

## Претпоставки за стекнување на правото на договорен залог

Претпоставки кои треба да бидат исполнети за да може да се стекне договорен залог се следниве:

1. Да постојат субјекти на правото на договорен залог (заложен доверител и заложен должник);
2. Предметот (објектот) на правото на договорен залог;
3. Побарување на заложниот доверител како претпоставка за стекнување на правото на договорниот залог.[7]

### Субјекти на правото на договорен залог

---

[3] R.Zimmerman: Roman Foundations of the Civilian Tradition. 1990 Republic of south Africa,34.

[4] Закон за сопственост и други ставрни права 18/2001.92/2008.139/2009.35/2010.

[5] Намирувањето на побарувањето може да се изврши и со стекнување право на сопственост врз заложената ствар или право, ако тоа е предвидено со договорот за залог.

[6] Член 2 од Законот за договорен залог Сл. весник на РМ бр. 5/2003/04/2005 /87 /2007/51/2011/74/2012/92/2012.

[7] Т. Пржеска – правото на договорен залог, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје, 3.

Како субјекти на правото на договорен залог се јавуваат **заложниот доверител** и **заложниот должник**.

- **Заложен должник**

Како заложен должник може да се јави физичко и правно лице кое има определен паричен долг или долг чија вредност е изразлива во пари во однос на заложниот доверител од одреден облигационен или друг вид правен однос.

Заложен должник може да бидеи трето лице кое нема долг спрема заложниот доверител, а истото е согласно да одговара за туѓ долг со засновање на залог врз свој предмет, при што ова лице на заложениот доверител му одговара само со заложениот предмет[8].

- **Заложен доверител**

Заложен доверител може да биде секое физичко и правно лице кое има определено парично побарување или побарување чија вредност е изразлива во пари во однос на својот должник, кој е согласен врз својот предмет да допушти засновање залог во полза на доверителот или место него тоа да го стори трето лице кое нема таков долг, а е согласно врз негов предмет да се заснова право на залог.

**Предмет ( објект ) на правото на договорен залог**

Кога станува збор за предметот на договорниот залог, треба да бидат исполнети две претпоставки и тоа објектот на залогот треба да е во сопственост на заложниот должник и притоа, истиот да биде во правен промет.[9]

По исклучок, предмет на залог може да биде и предмет што не е во сопственост на заложниот должник, ако тој врз него во моментот на засновањето на залогот има стекнато право на залог ( подзалог )[10].

Предмет на *рачниот залог* може да биде**: подвижна ствар; хартија од вредност**, одредено **имотно побарување** или **право**, а предмет на *хипотеката* само одредена **недвижност,** односно **ствар изедначена со недвижност.**

## Правен основ за стекнување на догворното заложно право

Правниот основ за стекнување на залог, всушност го претставува договорот за Залог. Иако самиот Договрен залог е воспоставен во засебна законска рамка како lex specialis, сепак основната генеза треба да ја бараме во Законот за облигационите односи кој претставува lex generalis закон како генерален, основен и системски закон за регулирање на договорите. Самиот поим на договорот согласно ЗОО претставува посебен вид на облигационен однос кој произлегува од согласноста на волјите на страните за определен предмет.

Понатаму Законот утврдува дека учесниците во облигациониот однос се должни да ја извршат својата обврска и се одговорни за нејзиното исполнување.[11]

Субјектите кои во договорниот однос го имаат статусот на должник најчесто ги исполнуваат преземаните обврски спрема доверителите. Меѓутоа многу често од најразлични причини како што се: несовесност, запоставување на своите обврски,

[8] Член 13 од Законот за договорен залог Сл.весник на РМ бр. 5/2003/04/2005 /87 /2007/51/2011/74/2012/92/2012.: Коментар на Законот за договорен залог – д-р Кирил Чавдар и Нотар Зорица Пулејкова.

[9] член. 10, ст. 1 од Законот за договорен залог Сл.весник на РМ бр. 5/2003/04/2005 /87 /2007/51/2011/74/2012/92/2012.

[10] И. Камбовски – Стварно право(2019) –Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 150.

[11] Член 10 од ЗОО Сл. весник на Р. Македонија бр. 18 од 5.03.2001 год.

одбивање истите да ги изврши, или запаѓање во лоша матријална состојба може да дојде до тоа должникот да не ги исполни обврските коишто му се ставаат на товар.

Неиполнувањето на обврските од страна на субјектите се решаваат по судски пат, односно според правилата на парничната и извршната постапка. Меѓутоа, ниту овие постапки не гарантираат во целост дека доверителот ќе го намири своето побарување поради разни околности коишто можат да се појават, како што се: немање доволно или пак воопшто средства од каде да се наплати побарувањето, право на првенство на наплата на други доверители и слично.

Со цел на доверителите да им се овозможи потполна заштита во односте коишто ги воспоставуваат во правото е воспоставен институтот ***правото на залог.***

Договорниот залог формалноправното дејство го стекнува со склучување на самиот договор за залог и со соодветно запишување во јавни книги кога заложената ствар е недвижност, а кога заложената ствар се подвижни ствари или права, договорниот залог се стекнува со склучување на договор за залог и со предавање на стварта во владение на заложниот доверител (нерегистриран залог), односно со склучување на договорот за залог и со попис на заложената ствар, без предавање на стварта во владение на заложниот доверител (регистриран залог)[12].

Договорот за залог се склучува во писмена форма, освен договорот за владетелски залог кој може да биде склучен во која било форма.

Договорот за невладетелски залог што не е склучен во писмена форма, не произведува правно дејство.

Договорот за залог има својство на извршна исправа доколку е потврден или составен од нотар и доколку содржи изјава од договорните страни дека се согласни нивниот договор за залог да има својство на извршна исправа.

Заложниот доверител и заложниот должник на договорот за залог, можат да му дадат својство на извршна исправа пред или по извршениот упис.

Договорот за залог врз недвижност се заверува кај нотар чие службено седиште е на подрачјето на основниот суд каде што се наоѓа недвижноста. Ако се заснова заложно право врз повеќе недвижности од подрајче на повеќе судови и кое заложно право треба да се запише во јавните книги од подрачјата на повеќе судови, надлежен е кој било нотар од подрачјето на тие судови.

Договорот за залог врз движни предмети со клаузула на извршност се заверува кај нотар на чиешто службено подрчје се наоѓа предметот на залогот или живеалиштето, односно седиштето на заложниот доверител.

По договорот за залог врз хартии од вредност, побарувања и други права постапува нотар на чиешто службено подрчје се наоѓа живелиштето, односно престојувалиштето на заложниот должник. Ако заложниот должник нема живеалиште, односно седиште на територијата на Република Македонија, по договорот за рачен залог постапува кој било нотар во Република Македонија[13].

**Содржина на договорот за залог**

Договорот за залог задолжително мора да ги содржи следниве податоци[14]:

- Определување на договорните страни кај договорот за залог;

[12] И. Камбовски – Стварно право (2019)- Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 151.

[13] Член 22 – а од Законот за договорен залог Сл. весник на РМ бр. 5/2003/04/2005 /87 /2007/51/2011/74/2012/92/2012.

[14] Член 23 од Законот за договорен залог Сл. весник на РМ бр. 5/2003/04/2005 /87 /2007/51/2011/74/2012/92/2012.

- Определување на предметот на правото на договорен залог (со доволно податоци тој да може да се идентификува, вклучувајќи ја и вредноста на предметот на залог);
- Определување на должникот на побарувањето во договорот за залог;
- Определување на побарувањето обезбедено со правото на залог во договорот за залог (правна основа, рок на пристигнатост, износ);
- Клаузулата интабуланди како задолжителен елемент на договорот за залог (согласност на заложниот должник, заложниот доверител да бара да се изврши запишување на правото на залог, во заложниот регистар, односно во јавната книга);
- кој било друг релевантен факт, вклучувајќи какво било ограничување на правото на пренос на залогот или правото на употреба или отуѓување на предметот на залогот;
- правото на заложниот доверител во случај на доцнење од страна на заложниот должник да може да презема заштитни мерки во однос на залогот;
- клаузула според која заложниот доверител, во случај на неисполнување на обврската од должникот, има право при доцнење на заложниот должник, а со цел да се зачува, одржи или продаде залогот, да го земе предметот на залог во владение, доколку е заснован со договор кој има својство на извршна исправа;
- клаузула за продажба на предметот на залогот на еден од комерцијалните начини како и за избор на еден од овластените субјекти кој ќе ја изврши реализацијата на залогот.

**Права и обврски на договорните страни**

6.1 Заложен доверител

- **Права:**

-да заснова на постојното право на залог, залог во корист на трето лице (подзалог) и без согласност на заложниот должник;

-ако заложниот должник ја смалува вредноста на предметот на залогот или на друг начин ја влошува неговата состојба, заложниот доверител може да бара во разумен рок заложниот должник да го врати предметот на залогот во првобитна состојба[15], или да бара од судот да му наложи на заложниот должник да се воздржи од таквите дејствија, а ако тој тоа не го стори, може да бара наплата на побарувањето обезбедено со залогот и пред неговото пристигнување;

-Заложниот доверител има право да врши надзор на состојбата во која се наоѓа предметот на залогот;

-Доколку се покаже дека предметот на залогот има некој правен или материјален недостаток, заложниот должник на барање на заложниот доверител, е должен во разумен рок да го ослободи предметот на залогот од соодветниот недостаток. Ако недостатокот не биде отстранет или предметот на залогот не биде заменет со друг предмет кој е без недостаток, заложниот доверител може да бара од судот да наложи отстранување на недостатокот или заменување на предметот на залогот со друг предмет без недостатоци. Кога постои некоја од наведените причини заложниот доверител може и пред

[15] Член 26 од Законот за договорен залог Сл. весник на РМ бр. 5/2003/04/2005 /87 /2007/51/2011/74/2012/92/2012.

пристигнувањето на своето побарување да бара негова наплата од предметот на залогот[16];

-Ако заложниот должник презема дејствија или пропушта дејствија поради што се доведува во опасност или очигледно се намалува вредноста на предметот на залогот, заложниот доверител има право да бара заложниот должник без одлагање да престане тоа да го прави, а ако не се воздржи, може и пред пристигнувањето на своето побарување да бара негова присилна наплата од предметот на залогот;

-Заложниот доверител има право да ги поставува сите барања потребни за заштита на своето право на залог (се применуваат прописите за заштита на стварни права);

-Заложниот доверител кој има во залог некој предмет изедначен со недвижностите, во поглед на правото на залог врз тој предмет, има овластувања и обврски како и оние што би ги имал ако предмет на залогот е некоја недвижност;

-Заложниот доверител има право да бара од сопственикот на предметот на залогот да го трпи неговото заложно право како товар врз тој предмет, како и да се воздржува да го прави на тој предмет на што би имал право ако врз него не е заснован залог[17];

-Заложниот доверител има право да бара и од секое друго лице да се воздржи од правење со кое бесправно го оневозможува или вознемирува во извршувањето на своето заложно право врз предметот на залогот;

-Ако некој го повреди заложното право врз предметот на залогот со неполноважен упис во Заложниот регистар, односно јавната книга, заложниот доверител има право да се штити од таа повреда со правни средства предвидени за заштита на правата што се запишуваат во Заложниот регистар, односно јавната книга[18].

- **Обврски:** (кај владетелскиот залог):

-Заложниот доверител е должен да го чува заложениот предмет со внимание на добар домаќин, односно добар стопанственик;

-Заложниот доверител е должен да го врати заложениот предмет штом ќе му биде намирен долгот;

-Нема право да го употребува заложениот предмет или да му го предаде на друг на употреба, или во подзалог, освен ако тоа му го дозволи заложниот должник.[19]

### 6.2 Заложен должник

- **Права:**

-Ако предметот на залог дава плодови, плодовите по одвојувањето заложниот должник ќе ги задржи за себе, ако со договорот поинаку не е предвидено;

---

[16] Т. Пржеска – Правото на договорен залог, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, 32.

* Ако договорот за залог има својство на извршна исправа, барањето се доставува до еден од надлежните субјекти заради извршување (нотар, извршител).

[17] правото не застарува, но мора да се докаже постоењето на заложното право и дека тужениот презема дејствија со кои се попречува заложниот доверител во вршењето на своето заложно право.

[18] Член 40 од Законот за договорен залог Сл.весник на РМ бр. 5/2003/04/2005 /87 /2007/51/2011/74/2012/92/2012.

[19] И. Камбовски – Стварно право – Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 155.

-По барање на заложниот должник кај владетелскиот залог, судот ќе нареди заложениот предмет да се одземе од заложниот доверител и да му се предаде на некое трето лице да го држи за него, ако заложниот доверител не го чува заложениот предмет со потребното внимание, ако го употребува без дозвола од заложниот должник или го дава на друг на употреба или во подзалог, или ако не го употребува во согласност со дадената дозвола и воопшто ако постапува со него спротивно на договорот и законот[20].

- **Обврски:**

-Да ги почитува правата на заложниот доверител;

-Заложниот должник е должен предметот на залогот да го користи со внимание на добар домаќин, односно добар стопанственик и да го чува и одржува осигурен од сите ризици за тој вид на предмет;

-Заложниот должник кај владетелскиот залог е должен да му го предаде на заложниот доверител или на трето лице заложениот предмет што го определиле спогодбено.

**Реализација на залогот**

Согласно позитивните одредби на Законот за договорен залог[21], при склучување на договорот за залог, договорните страни можат да го изберат начинот на реализација и субјектот што ќе ја врши реализациата на залогот. Ако во договорот за залог не е избран начинот на реализацијата и субјектот што ќе ја изврши реализацијата на залогот, заложниот доверител, пред отпочнување на постапката, има право сам да го избере овластениот субјект (нотар, извршител, агенција за промет на подвижни предмети и недвижности, берза за тргување со хартии од вредност и слично) кој ќе ја изврши реализацијата на залогот. Договорните страни можат да предвидат клаузула за продажба на предметот на залогот на еден од комерцијалните начини (непосредна спогодба, јавно наддавање, преку агенција за продажба на подвижни и недвижни ствари, берза за тргување на хартии од вредност и слично) [22].

За започнување на реализација на залогот на кој било начин и од кој било субјект, потребно е да се исполнат два услови и тоа:

- **должникот да задоцнил со исполнувањето на својата обврска во однос на доверителот и**
- **договорот за залог да има својство на извршна исправа**[23].

Во поглед на тоа дека договорот за залог мора да има својство на извршна исправа, нотарот може да го одбие барањето за реализација на залог и покрај тоа што договорот

[20] Член 31 од Законот за договорен залог Сл. весник на РМ бр. 5/2003/04/2005 /87 /2007/51/2011/74/2012/92/2012.

[21] Член 59-81 од Законот за договорен залог Сл. весник на РМ бр. 5/2003/04/2005 /87 /2007/51/2011/74/2012/92/2012.

[22] Член 59 и 60 од Законот за договорен залог Сл. весник на РМ бр. 5/2003/04/2005 /87 /2007/51/2011/74/2012/92/2012.;Нотариус – стручно списание на нотарската комора на Република Македонија

[23] доколку е потврден или составен од нотар, и доколку содржи изјава од договорните страни дека се согласни нивниот договор за залог да има својство на извршна исправа.

Постапувањето на овластените субјекти при реализацијата на залогот е уредено на следниот начини, и тоа: нотарот ја врши според одредбите на ЗДЗ, извршителот според одредбите на Законот за извршување, агенцијата според одредбите на законот со кој се уредува нејзиното основање и вршење на дејноста, другите субјекти согласно со закон според кој се овластени да ја вршат дејноста.

содржи извршна клауза, но само ако залогот не биде запишан во Заложниот регистар или јавна книга (суд или катастар).

**Престанок на правото на залог**

Како причини за престанок на заложното право, можеме да ги наведеме следниве:

- исполнување на обврската од страна на заложниот должник (престанување на побарувањето);

- полноважно откажување од средството за обезбедување;

- пропаѓање на заложениот предмет поради виша сила;

- продажба на заложениот предмет заради реализација на заложното право;

- престанок на правното лице кое е заложен доверител, а нема свој правен следбеник;

- еднострано раскинување на договорот за залог под услови определени со закон;

- спогодбено раскинување на договорот за залог;

- истекот на определено време, освен кај хипотеката и- со бришење од Заложниот регистар, односно јавната книга;[24]

- со полноважно откажување на заложниот доверител со писмена изјава заверена кај нотар,притоа ако страната на заложниот доверител е составена од повеќе лица, откажувањето од заложното право е полноважно ако со него се согласиле сите лица, притоа ако постојат повеќе заложни доверители, секој од нив може да се откаже од своето заложно право кое во тој случај престанува за него, но во однос на другите доверители останува непроменето[25];

-Заложното право кое е ограничено со рок или со раскинлив услов престанува по истекот на рокот или исполнувањето на условот;

-Правото на залог престанува кога правото на побарување обезбедено со залог целосно ќе биде намирено или ќе престане со сите споредни побарувања (камата, трошоци и слично) и кога ќе биде избришано од Заложниот регистар, односно од јавната книга[26].

## ЗАКЛУЧОК

Како заклучни согледувања, можеме да заклучиме дека правниот основ за стекнување на залог всушност го претставува договорот за Залог. Иако самиот Договрен залог е воспоставен во засебна законска рамка како lex specialis, сепак основната генеза треба да ја бараме во Законот за облигационите односи кој претставува lex generalis закон како генерален, основен и системски закон за регулирање на договорите.

---

[24] бришење на залогот може да побара заложниот доверител или заложниот должник.

[25] Член 43 од Законот за договорен залог Сл. весник на РМ бр. 5/2003/04/2005 /87 /2007/51/2011/74/2012/92/2012.

[26] И. Камбовски – Стварно право (2019) – Универзитет „Гоце Делчев"- Штип, 156.

Со донесување на законот за договорен залог, конечно се зајакна положбата на заложниот доверител чија шанса да го намири своето побарување е значително подобро обезбедена и зацврстена.

Сепак несомнено заснoвањето залог врз основа на договор како средство за обезбедување на побарувањата е придобивка за двете договорни страни. За заложниот доверител залогот ја подига на повисок степен сигурноста, дека ќе го наплати своето побарување преку неговото право да ја заплени ствварта, како и преку неговото право да бара намирување пред заложните доверители од понизок ранг и други доверители. Додека на заложниот должник му овозможува и понатаму да ја задржи во владение заложената ствар и на таков начин да може да ги врши сите стопански активност врз стварта, со цел да остварува приход со кој би може да го врати долгот (кредитот).

Од дефиницијата за залогот како заложно право може да се заклучи дека станува збор за сложено право кое се состои од неколку посебни права и тоа: право да го впаричи предметот на залог, право на намирување, право на првенствена наплата. Само преку спознавањето на секое посебно право, може да се види сложената структура на односите кои настануваат со засновањето и реализацијата на залогот. Со воспоставувањето на залогот заложниот доверител ги има сите овие права.

Предмет на рачниот залог може да биде: подвижна ствар; хартија од вредност, одредено имотно побарување или право, а предмет на хипотеката само одредена недвижност, односно ствар изедначена со недвижност.

Увидовме дека за да може да се стекне договорен залог треба да бидат исполнети претпоставките како што се да постојат субјекти на правото на договорен залог (заложен доверител и заложен должник); предметот (објектот) на правото на договорен залог; побарување на заложниот доверител како претпоставка за стекнување на правото на договорниот залог.

Како основи за засновање на договрно заложно право утврдивме дека постојат правен основ за стекнување на договорното заложно право, законски начин на стекнување на правото на договорен залог, како и засновање врз основа на судска одлука.

Правниот основ за стекнување, кој всушност беше и водечка единица во мојот труд, всушност го претставува договорот за залог кој се стекнува со склучување на самиот договор за залог и со соодветно запишување во јавни книги кога заложената ствар е недвижност, а кога заложената ствар се подвижни ствари или права, договорниот залог се стекнува со склучување на договор за залог и со предавање на стварта во владение на заложниот доверител, однсоно со склучување на договорот за ззалог и со попис на заложената ствар, без предавање на стварта во владение на заложниот доверител .

Договорот за залог се склучува во писмена форма, освен договорот за владетелски залог кој може да биде склучен во која било форма.

Како секој правен однос така и овој правен однос се состои од права и обврски за субјектите на овој однос кои се императив за одржување на заснованиот правен однос.

Во поглед на реализацијата на залогот договорните страни можат да предвидат клаузула за продажба на предметот на залогот на еден од комерцијалните начини. Ако во договорот за залог договорните страни не избрале еден од комерцијалните начини на продажба на залогот, ниту избрале овластен субјект што ќе ја изврши реализацијата на залогот, заложниот доверител во таков случај има право сам да го избере овластениот субјект (нотар, извршител, агенција за продажба на подвижни предмети и недвижности, брокер преку берза, берза и други субјекти предвидени со ЗДЗ).

Постапката за реализација на договорниот залог започнува по барање на заложниот доверител.

Позитивното право предвидува повеќе начини за престанок на правото на залог, меѓутоа како најпознат до исполнување на обврките од договорот. Ваквиот начин е најпожелен за двете договорни страни.

Врз основа на погоре наведеното во овој труд успеав детално да го елаборирам заснованјето на залог врз основа на договор, односно, начинот, условите и постапката за заснование, постоење, реализација и престанување на договорното заложно право врз подвижни ствари, хартии од вредност, побарување и други права (рачен залог) и врз недвижности (хипотека).

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Пухан И., Поленак – Аќимовска М. , Бучковски В., Наумовски Г. (2014) –Римско право,Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ - Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје.

Е. Борковски, П. Ду Плесир – Римско право (2014), Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ - Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје;

R.Zimmerman: Roman Foundations of the Civilian Tradition. 1990 Republic of south Africa;

Т. Пржеска – Правото на договорен залог,Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје;

И.Камбовски (2019) Стварно право - Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;

Законот за договорен залог - „Службен весник на Република Македонија“ број 5/2003/04/2005 /87 /2007/51/2011/74/2012/92/2012;

Закон за сопственост и други стварни права - „Службен весник на Република Македонија“ број 18/2001, 92/2008, 139/2009, 35/2010.